# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 2219/1 од 03.04.2019 година на подносителот -------------- ---------------- од ---------------се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2219 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2219/1 од 03.04.2019 година.

Предметот со број 12-2219 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2219 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2219/1 од 03.04.2019 година, која до Државната комисија за спречување на корупцијата ја доставил познат подносител – лицето ---------------- ----------------- од ------------------.

Со пријавата се изразуваат сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата сторени во тек на вршењето на ------------------ функција од страна на поранешен ------------------ во -------------------, сега -------------------, за кои злоупотреби се посочува дека наведениот поранешен -------------------- ги вршел во содејство со ---------------------------------.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги имаше во предвид наводите на подносителот за противправно постапување на посочениот ----------------- во постапките поврзани со ------------------------, --------------------- и др., вклучително и измами кои ова лице ги сторило --------------------------------.

Врз основа на наводите и сомневањата содржани во пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека со истите се укажува на настани и постапки од пред повеќе години, односно дека во делот од наводите - за постапките --------------------- се работи за постапки кои се правосилно завршени пред повеќе од петнаесет години од страна на надлежните судови согласно тогаш важечките прописи.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи

елементи/основ за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 1250 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Бр. 12-1250/1
20.02 год. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 27-та седница одржана на ден 14 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 2219/1 од 03.04.2019 година на подносителот Санде Пејоски од Охрид се отфрла.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-2219 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2219/1 од 03.04.2019 година.

Предметот со број 12-2219 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2219 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2219/1 од 03.04.2019 година, која до Државната комисија за спречување на корупцијата ја доставил познат подносител – лицето Санде Пејоски од Охрид.

Со пријавата се изразуваат сомневања за злоупотреби на службената положба и овластувањата сторени во тек на вршењето на судиската функција од страна на поранешен судија на Основниот суд во Охрид, сега адвокат, за кои злоупотреби се посочува дека наведениот поранешен судија ги вршел во содејство со претседателот на Основниот суд во Охрид и претседателот на Апелациониот суд во Битола.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги имаше во предвид наводите на подносителот за противправно постапување на посочениот судија во постапките поврзани со приватизацијата на АД Лозар Битола, приватизацијата на зградата на "ЗОИЛ" Охрид и др., вклучително и измами кои ова лице ги сторило како адвокат преку авансна наплата на услугите од странките кои ги застапувал пред Основен суд во Охрид.

Врз основа на наводите и сомневањата содржани во пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека со истите се укажува на настани и постапки од пред повеќе години, односно дека во делот од наводите - за постапките за приватизација


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

се работи за постапки кои се правосилно завршени пред повеќе од петнаесет години од страна на надлежните судови согласно тогаш важечките прописи.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи/основ за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 февруари 2020 година под бр. 12- 1250 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска, Советник

Доставено до :

- Архива
- Подносителот